# Глаголи – вежби

Добро решение

Си седам дома и си размислувам. За некој ден ќе славиме, ќе ја дочекуваме новата година. Годината за која сите си посакуваме убави желби. Се потсетувам како лани ја прославивме Нова година. Беше гужва, беше забавно и весело. Се прејадов, се смеев, добив интересни подароци.

Како ли ќе помине овој дочек? Решив! Ќе планирам, ќе се организирам за овој дочек исто така да ми биде незаборавен.

Многу е забавно кога наоѓаш решенија, добри решенија. Всушност, размислувањата не се залудни.

**Задача:**

1. Во табелата запиши ги сите глаголи што ќе ги пронајдеш и означи ги категориите време, лице, број и род според дадениот пример. Користи ги следниве кратенки: **с** – сегашно време, **м** – минато време, **и** – идно време, **едн** – еднина, **мн** – множина.

| глагол | време | лице | број | род |
|---|---|---|---|---|
| седам | с | 1 лице | едн | / |
| размислувам | | лице | | |
| ќе славиме | | лице | | |
| посакуваме | | лице | | |
| се потсетувам | | лице | | |
| прославивме | | лице | | |
| беше | | лице | | |
| се прејадов | | лице | | |
| се смеев | | лице | | |
| ќе помине | | лице | | |
| решив | | лице | | |
| ќе планирам | | лице | | |
| е | | лице | | |
| наоѓаш | | лице | | |
| се | | лице | | |

2. Размени го глаголот **ИГРА** по време, лице и број

## Сегашно време

| | **еднина** | **множина** |
|---|---|---|
| 1л. | | |
| 2л. | | |
| 3л. | | |

## Минато време

| | **еднина** | **множина** |
|---|---|---|
| 1л. | | |
| 2л. | | |
| 3л. | | |

## Идно време

| | **еднина** | **множина** |
|---|---|---|
| 1л. | | |
| 2л. | | |
| 3л. | | |